**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-131/1**

**Скопје, 28.01.2008 година**

**ДО**

**ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Тетово, сметка за редовно работење, за 2006 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основен суд Тетово (во понатамошниот текст Судот) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Џемајли Арифи, претседател на Основен суд Тетово од 15.02.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 03.10 до 17.10.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

**10.1.** ***Систем на интерни контроли***

***Процес на јавни набавки:***

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли во процесот на јавни набавки, ревизијата утврди дека ризиците недоволно се покриени со контроли кои би ја утврдиле комплетноста и валидноста на понудите, согласно пропишаните елементи на тендерската документација со барања за гаранција, поради не прецизирање на истите во објавата на јавниот оглас кај отворен повик, што е спротивно на одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација и Законот за јавни набавки а кое има можност да набавката се изврши спротивно на законските прописи и можни злоупотреби.

  **Препорака:**

  Комисијата за јавни набавки при спроведувањето на постапка за јавна набавка со отворен повик, да изготвува тендерска документација согласно Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација како набавката би се извршила согласно законските прописи.

- Кај постапка за јавна набавка со отворен повик ревизијата утврди дека не постои доказ за контрола при рангирање на понудите, поради не поднесени изјави за постоењето на конфликт на интереси и поради не изготвување на посебен извештај со ранг листа на понудите при што постои грешка во збирот на бодовите, несоодветно бодирање на критериумите (рок на плаќање и испорака), спротивно на членовите 21 и 53 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на изборот на најповолната понуда.

  **Препорака:**

  Комисијата за јавни набавки при спроведувањето на постапката за јавна набавка со отворен повик да изготвува Извештај за разгледување, оценување и споредување на понудите (евалуација) и по отворањето на понудите да се потпишуваат изјави за непостоење конфликт на интереси од лицата кои постапуваат од името на набавувачот и вршат набавки во постапката за јавна набавка.

***Процес на плаќање:***

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли во процесот на плаќање, ревизијата утврди дека ризиците недоволно се покриени со контроли кои би ја утврдиле комплетноста и навременоста на плаќањата на обврските, поради непостоење на книга-деловодник за прием на документи, што е спротивно на членовите 9 и 10 од Уредбата за канцелариско и архивско работење. Претходното има влијание на ненавремено плаќање на обврските, а со тоа и зголемени плаќања заради каматата.

**Препорака**:
Судот да воведе книга за влезни документи заради комплетност и целовитост на документацијата која е пристигната во судот.

- Ревизијата утврди дека не постои доказ за извршена контрола на финансиската документацијата, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Претходното има можност документацијата (фактури, приемници и др.) да биде формално неисправна и неточна.

**Препорака:**
Извршената контрола на сметководствената документација да се потврдува со потпис од овластено лице.

**10.2.** ***Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Не е назначен одговорен сметководител, спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради недонесено решение за истото, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон, Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија.

**Препораки:**
Претседателот на Судот да назначи одговорен сметководител.

10.2.2. Судот нема донесено Правилник за организација на работата, односно не е постапено согласно член 8 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, поради неизготвување на истиот со донесување на новиот Правилник за систематизација на работните места. Истото има влијание на можноста за увид на внатрешната организација на Судот.

**Препораки:**
Да се донесе нов Правилник за организација на работата согласно предвидената законска регулатива.

10.2.3. Судот нема донесено финансиски план за намените за кои што ќе се користат средствата, а по известувањето од Судскиот буџетски совет за распределба на приходите и трошоците како единка корисник, поради неприменување на законската регулатива, спротивно на член 26 од Законот за буџетите. Истото влијае на доброто финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели и законско и наменско користење на средствата.

**Препорака:**
Основен суд Тетово за секоја буџетска година да донесува финансиски план.

10.2.4. Во зградата на Основен суд Тетово сместени се Основно јавно обвинителство Тетово и Јавно правобранителство Тетово, без да се изврши разграничување на трошоците за затоплување, спротивно на членовите 5 и 9 од Законот за судски буџет, поради нерегулирани меѓусебни односи со договор за разграничување на трошоците и сместувањето во зградата. Истото има влијание на исплата на средства кои не претставуваат трошоци на ниво на судска власт и решавање на просторниот проблем.

**Препорака:**
Судот да поднесе иницијатива до Судски буџетски совет и Министерство за правда за разрешување на користење на просторот од други субјекти, а до донесување на одлука да се разграничат трошоците.

10.2.5. Претседателот на Судот нема донесено Решенија за именување на вешти лица, а списокот на постојни вештаци не е објавен во Службен весник, спротивно на член 31 и член 33 од Судскиот деловник, поради незапазена процедура за именување. Истото влијае на можноста за ангажирање и исплати на некомпетентни лица.
*Во 2007 година ангажирањето на вешти лица се врши согласно одредбите од Судскиот деловник (Сл. весник 71/2007).*

10.2.6. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на утврдената основица за плата за вработените кои немаат статус на државни службеници, што е спротивно на Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на РМ, Законот за работни односи и Законот за судовите, поради не изготвени нови Решенија за плата. Истото влијае на правилната примена на законска регулатива и законското работење на субјектот.

**Препорака:**
Секретарот на Судот да изготви Решенија за плата на вработени кои намаат статус на државни службеници, а за судската полиција и усогласување на основицата за пресметка на плата, согласно постоечката законска регулатива.

10.2.7. Не се издава писмена пресметка за исплатена плата, надоместоци и придонеси на вработените, спротивно на член 110 од Законот за работни односи и член 64 од Законот за државни службеници, поради неможност за печатење на истите, што влијае на увидот во пресметката и исплатата од страна на вработените.

**Препорака:**
Од страна на Одделението за сметководство – благајна, да се издаваат писмени пресметки за плата.

### 10.3. *Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

10.3.1. Не е воспоставена аналитичка евиденција на обврските кон вешти лица, адвокати, преведувачи и друго, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешно воспоставена пракса и има влијание на можноста за разграничување на обврските кон истите поединечно.

*Во 2007 година со новиот програм за финасиска евиденција на ниво на судска власт кој е инсталиран во сите судови е предвидена аналитичка евиденција на обврските.*

10.3.2. Основен суд Тетово заклучно со 31.12.2006 година не води задолжителни помошни книги: книга на набавки, инвентар и на капитален имот (материјална евиденција) за набавки на основни средства, гориво, канцелариски материјал, средства за хигиена и ситен инвентар, поради неприменување на законската регулатива за начинот на водење на деловните книги, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што укажува дека не е воспоставена контрола на трошењето на истите.

**Препорака:**
Да се водат задолжителни помошни книги (материјална евиденција), согласно Законот и Правилникот за сметководсвото за буџетите и буџетските корисници.

### 10.4. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.4.1. Вршени се исплати за вештачење и персонален данок на лични надоместоци на докторите и медицинските лица вработени во државен орган, спротивно на член 234 и 240 од Законот за кривична постапка и член 20 од Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи, поради погрешно воспоставена пракса, што влијае на незаконска исплата.
**Препорака:**
Исплатата за вештачења од страна на државен орган, докторите и медицинските лица вработени во истиот, да се врши согласно Законот за кривична постапка и Правилникот.

### 10.5. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.5.1. Позициите во Билансот на состојба прикажани како Активни временски разграничувања се потценети за 14.111 илјади денари, Краткорочни обврски спрема добавувачи за 10.297 илјади денари и Краткорочни обврки за плати и други обврски спрема вработените за 3.814 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради неевидентирање на неисплатените обврски за плата, пошта, канцелариски материјал, награди за вештачење и адвокати, што има влијание на реалноста на финансиските извештаи.

*Во 2007 година со новата програма за финансиска евиденција на ниво на судска власт која е инсталирана во сите судови, се врши аналитичка евиденција на дел од обврските.*

**Препорака:**
Судот во целост да ги искажува состојбите на обврските спрема добавувачите и да ги евидентира на соодветни сметки, согласно сметковниот план за буџетите и буџетските корисници, а неисплатените обврски да се докнижат во главната книга во 2007 година.

10.5.2. Извршено е преценување на позициите во Билансот на состојба и тоа на Материјални средства во делот на Исправка на вредноста на опремата и Извори на капитални средства (во делот на Државен-јавен капитал) во износ од 5.196 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешна евиденција на пресметаната амортизација со пописот што има влијание на реалноста на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се изврши соодветно книжење во сметководствената евиденција во 2007 година.

10.5.3. Позициите Материјални средства и Извори на капитални средства (во делот на Државен јавен капитал), во Билансот на состојба се потценети, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради невоспоставена евиденција. Истото влијае на нереално искажување на билансните позиции и тоа за:

- градежни работи (санација на кров и средување на двор), во износ од 528 илјади денари по фактури од добавувачи и
- градежни работи, електрични инсталации, мебел, столици, опрема за обезбедување со видео надзор и означување на судот во износ од 187.589,36 УСД, по Договор за пренос на сопственост помеѓу УСАИД Проект за модернизација на судството и Основен суд Тетово.

**Препорака:**
Во сметководствената евиденција во 2007 година да се изврши докнижување на набавната вредност на материјалните средства и пресметаната амортизација (почнувајќи од првиот ден на наредниот месец по ставање во употреба на истите), а износот искажан во УСД да се евидентира во денарска противвредност.

### 10.6. *Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

10.6.1. Вршени се ненаменски исплати од ставките Ситен инвентар, алат и др. материјали за поправка и Договорни услуги, без оглед на вистинскиот трошок во вкупен износ од 193 илјади денари, без претходна согласност за пренамена, спротивно на Законот за извршување на буџетот, поради непредвидени средства за тие трошоци и намалување на буџетот за 2006 година. Истото има влијание на точноста на искажаните податоци во Билансот на приходи и расходи и надминување на буџетот по ставки и тоа: Поправки и тековно одржување во износ од 25 илјади денари, Други тековни расходи во износ од 88 илјади денари и Градежни објекти во износ од 80 илјади денари, како и на законско и наменско трошење на средствата.

**Препорака:**
Исплатите да се вршат согласно намената, а за пренамени на средствата да се бара согласност од Министерство за финансии.

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.6.2. Во текот на 2006 година исплатен е износ од 780 илјади денари за набавка на канцелариски материјали и услуги за копирање и печатење, без спроведена постапка за јавна набавка, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, поради недовршена постапка со отворен повик бр. 1/2006 и недобиен одговор од Комисијата за жалби по јавни набавки при Влада на РМ, а по поднесена жалба од страна на второрангираниот понудувач. Истото влијае целата постапка да се запре и да не се поведе повторна постапка со отворен повик.

10.6.3. Не се спроведени постапки за набавка од мала вредност во повеќе случаи, во вкупен износ од 609 илјади денари и тоа за набавка на: стручна литература, средства за хигиена и извршени услуги за: реконструкција на кровна конструкција, уредување на влезот на судот и санација на канализација и грејна инсталација, осигурување, одржување на компјутерска опрема и сервисирање на телефонска централа и на машини за пишување, спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Истото би можело да влијае на вршење несоодветни набавки.

*Неспроведувањата на постапките за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки за јавни набавки создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач и повластена положба на одредени понудувачи.*

11. Со ревизија на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодот од Претходниот извештај на Основен суд Тетово од точката 10.4.1 е ист и во овој извештај.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.2 до 10.6 и 11 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Тетово на 31 декември 2006 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.2 до 10.6 и 11 кај Основен суд Тетово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

***Обелоденување:***
Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Основен суд Тетово не беше можно да се извршат корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2007 година и пуштат налози за прекнижување/докнижување, поради невоспоставена сметководствана евиденција како на стариот така и на новиот програм. Истото има влијание на нецелосност и неажурност на финансиските податоци кои се однесуваат на целокупното работење на Судот во 2007 година.

**Скопје, 04.01.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Тетово**
**Сметка од редовно работење**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 54,911 | 47,972 |
| **Вкупно приходи** | **54,911** | **47,972** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 49,834 | 40,169 |
| Резерви и недефинирани расходи | 30 | 60 |
| Стоки и услуги | 5,047 | 7,718 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 25 |
| **Вкупно тековни расходи** | **54,911** | **47,972** |
| **Вкупно расходи** | **54,911** | **47,972** |

**Основен суд Тетово**
**Сметка од редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 26 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **26** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 1,336 | 1,114 |
| Материјални средства | 21,786 | 19,840 |
| **Вкупно постојани средства** | **23,122** | **20,954** |
| **Вкупна актива** | **23,148** | **20,954** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 23,148 | 20,954 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **23,148** | **20,954** |
| **Вкупна пасива** | **23,148** | **20,954** |

**Основен суд Тетово**
**Сметка од редовно работење**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

*во 000 денари*

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **20,954** | **-** | **20,954** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,863** | **550** | **10,413** |
| Набавки | - | 550 | |
| Докнижување по попис-нова проценка на материјалните средства | 9,863 | - | 9,863 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | **-** | **-** | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **7,695** | **524** | **8,219** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Потрошок на материјали | - | 524 | 524 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Амортизација и докнижување на амортизација за нова проценка на материјалните средства | 7,695 | - | 7,695 |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | **-** | **-** | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **23,122** | **26** | **23,148** |